АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 22.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 4372/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24 и 74/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** девет издавачи на печатени медиуми, и тоа:

2.1. Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“;

2.2. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Бахче“;

2.3. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет“;

2.4. Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас“;

2.5. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“;

2.6. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шења“;

2.7. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“;

2.8. Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore“; и

2.9. Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје, издавач на „Народен лекар“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието од 27 септември 2024 година на „Капитал“ бр. 1174;

- изданието за јули-август-септември 2024 година на „Бахче“ бр. 38;
- изданието за лето 2024 година на „Портрет“ бр. 63;
- изданието за септември 2024 година на „Штипски глас“ бр. 144;
- изданијата за октомври 2024 година на „Убавина и здравје“ бр. 186, „Шеќа“ бр. 162, „ InStore“ бр. 135 и „Народен лекар“ бр. 606; и
- изданието од 4 октомври 2024 година на „Зенит“ бр. 814.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 22 октомври 2024 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

**5. Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми <u>е во целост исполнета кај сите печатени медиуми</u> опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***